РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-198/9
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-198/1 од 08.01.2026 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Училишен одбор во ООУ --------------- -- ----- -.-------- -----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-198/1 од 08.01.2026 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 08.01.2026 година, поднесена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во спроведена постапка за избор на членови на Училишен одбор во ООУ --------------- -- ----- -.-------- -----------------, при што оформен е предмет број 12-198/1 од 08.01.2026 година.
Заради утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК се обрати до Државниот просветен инспекторат на РСМ и побара да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе надзор над предметните наводи, како и да достави Записник/ Извештај од истиот со известување за евентуално дополнително преземени мерки од негова надлежност.

По барањето на ДКСК доставени се одговори со прилог документација и по разгледување на истите констатирано е следното:

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државниот просветен инспекторат на РСМ, известува дека на 09.04.2026 година бил извршен вондреден инспекциски надзор во ООУ --------------- -- ----- -.-------- ----------------- по однос на наводите од пријавата за што бил составен Записник бр.31-100 од 14.04.2026 година, при што од страна на државниот просветен инспектор биле констатирани низа неправилности при изборот на членови на училишниот одбор. Наведено е дека Членовите на училишниот одбор биле избрани по пат на јавно гласање што било спротивно на член 107 од Законот за основно образование. Сите членови на Училишниот одбор немале добиено решенија за избор и нивен мандат што било спротивно на член 106 став 5 од Законот за основно образование. Исто така било утврдено дека членовите на училишниот одбор немале издадено писмена изјава дека не се меѓусебно и со директорот на училиштето во роднинска врска што било спротивно на член 106 став 3 од Законот за основно образование, а на седниците на Училишниот одбор не биле поканувани и во негова работа не учествувале и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент што било спротивно на член 106 став 3 од истиот закон.
За утврдената фактичка состојба и констатираните неправилности во работењето на субјектот на надзор, била изречена мерка согласно член 83 од Законот за инспекциски надзор „Опомена“ на ООУ --------------- -- ----- -.-------- ----------------- со утврден рок за извршување за отстранување на сите недостатоци утврдени во Записникот.

ДКСК се обрати и до ООУ --------------- -- ----- -.-------- ----------------- заради нивно произнесување по однос на издадената инзпекциска мерка на Државниот инспекторат за труд за отстранување на сите недостатоци утврдени при спроведениот инспекциски надзор. По барањето, до ДКСК доставен е одговор во кој е наведено дека предметното училиште постапило по инспекцискиот акт во целост по што согласно член 68 став 4 од Зконот за инспекциски надзор Државниот просветен инспектор ја запрел постапката по Задолжение број 31-574/2 од 07.04.2026 година.

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган, Државен просветен инспекторат на РСМ, кој презел мерки во своја надлежност, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата